ОСНОВЕН СУД РАДОВИШ
Су. бр.279/2022-2/6
04.11.2022 год.
Радовиш

Претседателот на Основен суд Радовиш, Лила Цветаноска, врз основа на член 17 ст.1 и чл.36 од Законот за судска служба , по спроведената постапка по објавениот Јавен оглас бр.2/2022, за вработување на судски службеник, за работно место „Самостоен референт-сметководител " еден (1) извршител, по доставениот Предлог кандидат за вработување на Комисија за селекција за вработување од 03.11.2022 година, на ден 04.11.2022 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

За работното место „ Самостоен референт-сметководител " категорија Г , ниво Г1 ,еден (1) извршител, на неопределено време, се избира кандидатот:

Љубица Ужевска од Радовиш

Решение за вработување на неопределено време на избраниот кандидат ќе се донесе по правосилноста на оваа одлука.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на Основен суд Радовиш во дневните весници „Вечер" и ,,Лајм" од 21.09.2022 година, објавен е Јавен оглас бр.2/2022 за вработување на судски службеник за работно место „Самостоен референт-сметководител, еден (1) извршител.

По спроведената постапка за вработување од страна на Комисијата за селекција за вработување, согласно Законот за судска служба и Правилникот за форма и содржина на јавниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата, на спроведување на административната селекција, на испитите, проверката на веродостојност на доказите и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови во постапката за селекција во зависност од категориите на работни места, како и други прашања во врска со постапката за вработување на судски службеници, до Претседателот на судот, доставен е Предлог за вработување на кандидат од 03.11.2022 година, за работно место „ Самостоен референт-Сметководител".

Во Предлогот на кандидат за вработување, Комисијата за селекција за вработување, за вработување го предложи кандидатот Љубица Ужевска од Радовиш.

Претседателот на судот, имајќи го во предвид Предлогот за вработување на кандидатот од 03.11.2022 година, доставен од Комисијата за селекција за вработување, согласно чл.35 ст.1 од Законот за судска служба, за работното место ,,Самостоен референт-Сметководител", еден (1) извршител, како и имајќи го во предвид чл.17 и чл.36 ст.1 од истиот закон, одлучи како во изреката на оваа одлука, односно, го избра кандидатот Љубица Ужевска од Радовиш, како предлог кандидат по спроведената постапка по Огласот бр.2/2022 .

Претседател на суд,
Лила Цветаноска

ПРАВНА ПОУКА:

Против оваа одлука дозволена е жалба во рок од 8 дена по приемот, преку овој суд до Советот на судска служба.

Д-Но

-избран кандидат

Огласна табла и

-Веб страна на судот